Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 03.08.2023

На 02.08.2023 полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола во с.Долно Дупени, ресенско, ги лишиле од слобода Х.Љ.(36), Д.С.(41), Ј.Н.(28), сите од Битола и А.А.(35), И.Т.(47), Б.С.(37), сите од Скопје, бидејќи кај нив се пронајдени и одземени повеќе пакувања марихуана. По документирање на случајот против лицата ќе следува соодветна пријава.

На 03.08.2023 во 01.00 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода К.Ц.(19) од село Василево, струмичко. Тој се сомничи дека на 02.08.2023 година околу 21.30 часот во Струмица со закани од А.А.(54) одзел пари. К.Ц. бил задржан во полициската станица Струмица, за случајот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по негово целосно документирање против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.08.2023 во 10.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на влез во државата, бил лишен од слобода Ц.Х.(31) од Р.Албанија, поради тоа што при извршена проверка било констатирано дека во службената евиденција е со мерка „ајси", на барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 03.08.2023 во 02.20 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, при извршена контрола на М.Е.(38) од Р.Грција, кој управувал патничко возило „фолксваген пасат" со холандски национални ознаки, било констатирано дека возилото е предмет на потрага од Интерпол-Холандија. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 02.08.2023 полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода А.Л.(26) и Ј.А.(23) од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.08.2023 во 22.25 часот, на улицата „Цар Самоил" во Охрид, од полициски службеници од СВР Охрид приведен е Б.Б.(45) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.08.2023 година во 21.00 часот полициски службеници од Полициската станица Струмица го привеле Б.Р. (24) од Струмица, по наредба издадена од страна на Основен суд Струмица со која се бара/ за издржување на затворска казна, поради сторени кривични дела „тешка кражба". Лицето било спроведено во Затвор Струмица.

На 02.08.2023 во периодот од 08.00 до 18.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 140 прекршувања на брзината, со кои 52 на подрачје на Струмица, 36 на подрачје на Радовиш, 32 на подрачје на Валандово и 20 на подрачје на Гевгелија. Од них, 74 прекршувања на брзината биле констатирани надвор од населено место, а 66 во населено место. За време на контролата биле констатирани и 10 останати прекршоци. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 56 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 12 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за возење под дејство на алкохол..

На 02/03.08.2023 година во периодот од 18.00 до 07.00 часот од страна на Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Ресен преземени се засилени мерки во сообраќајот одлучено спроведена е засилена контрола на возачи кои управуваат со возила под дејство на алкохол и притоа констатирани се вкупно 17 прекршоци сторени од возачи кои управуваат под дејство на алкохол, а воедно преземени се и 10 мерки по останати прекршоци.

На 02.08.2023 во 15.10 часот бил пријавено дека на регионалниот пат ст.С.Неготино кој води за автопатот, патничко возило „фиат" со тетовски регистарски ознаки, управувано од малолетник од с.Сенокос, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил еден малолетен сопатник од возилото, а возачот и уште еден малолетен сопатник се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 02.08.2023 во 17.00 часот бил пријавено дека на регионалниот пат Крушево-Кривогаштани, на место викано „Студена вода", патничко возило „алфа ромео" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.С.(35) од с.Канаталарци, приленско, излетало надвор од коловозот. По несреќата во Општата болница Прилеп биле пренесени сопатниките Ц.С.(33) од с.Канаталарци, која во болницата им подлегнала на повредите, а малолетен сопатник кој бил препратен во Комплекс клиники „Мајка Тереза", но при транспортот починал, а сврт констатирал лекар. Додека со тешки телесни повреди се здобил возачот и уште двајца малолетни сопатници. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Крушево.

На 02.08.2023 во 11.30 часот било пријавено дека во Крушево, на паркинг на место викано „Црни вра", патничко возило „лада нива" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.А.(60) од Прилеп, удрило во малолетник од Скопје. Во несреќата малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Крушево.

На 02.08.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Т.Б.(72) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

На 02.08.2023 во 21.05 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на место викано „Дарда", над с.Тајмиште, Ј.Ш.(32) од с.Колари, управувајќи четирицикл паднал. Тој се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза".

На 02.08.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.А.(54) од Скопје пријавила дека на ул.„Шарпланинска" била касната од куче скитник.

На 02.08.2023 во 13.50 часот на автопатот Тетово-Гостивар, во близина на наплатна станица Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода М.Т.(20) и Ш.Ш. (19), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.08.2023 во 22.25 часот, на улицата „Цар Самоил" во Охрид, од полициски службеници од СВР Охрид приведен е Б.Б.(45) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје пријавува против Б.И.(42) од Тетово, М.Б.С. од Канада и Д.К. од Албанија, поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело по чл.95-в ст.2 и против правно лице од Скопје, по чл.95-в ст.1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни прекурсори. При извршена контрола во правното лице на 19.07.2023 од страна на полициски службеници од МВР и овластени лица од Министерство за здравство-Агенција за оценување на исполнување на условите за простор, опрема и кадар за добивање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели, со локација на просторот и поврвнината за одгледување на канабис во с.Кореишица, Демир Капија, било утврдено дека пријавените, во сеф-собата во објектот за чување на опојни дроги, пријавената количина на обработен сув цвет од канабис не ја спакувале во картонски кутии и не ја запечатиле со заштитни ленти, туку ја спакувале во најлонски и алуминиумски кеси, што е спротивно на чл.29-г од наведениот Закон. Тие, исто така, до Министерството за здравство не доставиле известувања за настанати промени, што е спротивно на чл.29-г од законот, како ни за бројот на собрани стебла и сува маса по завршената берба на канабисот, што е спротивно на чл.29-д од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни прекурсори.

Денеска (03.08.2023) во 15.00 часот, по неколкукратно пребарување во водите на браната ви Липтово, нурканчиот тим од Одделот за специјални полициски операции – САЕ Тигар, на кој им се придружи нурканчи тим од Армјата на Република Северна Македонија – ЕСН Волци, го пронајдоа и го извлекоа од водите на езерото Глажња телото на удавениот Ф.Р. (30) од с.Никуштак, за кого на 30.07.2023 во 14.00 часот беше пријавено дека влегол во водите на браната и не излегол. Увид се врши од страна на јавен обвинител и увидна екипа.

На 01.08.2023 околу 13.50 часот во село Кучково, скопско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надвор Чашка при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода А.С.(50) од с.Ласкарци, скопско. Имено, во наведеното време, полициски службеници го затекнале лицето како со товарно возило го попречува нормалното движење на сообраќајот во село Кучково. Откако му било посочено дека сторил прекршок согласно член 63 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и дека ќе му биде поднесен прекршочен платен налог, тој извадил 1000 денари, ги фрлил во службеното возило и од полициските службеници побарал да не му пишуваат казна. Беднаш потоа тој бил лишен од слобода и спроведен во полициска станица, а за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (02.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 481 возач. Од них 68 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а 15 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 173 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 308 надвор од населено место.

На 02.08.2023 во 04.20 часот, полициски службеници од Полициското одделение Галате ги привеле И.С.(27) од Република Србија и Л.В.(28) од Република Украина, поради злоупотреба на туристичкиот престој, односно престојување спротивно на целта. Тие биле затекнати при акциска контрола во угостителски објект во ресторски Добридол. Лицата биле задржани за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (02.08.2023) во периодот од 11.00 до 17.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово на подрачјето на СВР Тетово спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани и санкционирани 135 (ТЕ-109 и ГВ-26) прекршоци, од кои 53 (ТЕ) во населено место и 82 (ТЕ-56 и ГВ-26) надвор од населено место. За време на контролата биле констатирани и 4 останати прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-2). На сите возачи - прекршители им биле изготовени и законски предвидените поднесоци.

На 01.08.2023 во 23.00 часот, 26-годишник од тетовско ело пријавил дека бил измамен од вработен во туристичка агенција. Според пријавеното, на 18.05.2023 тие телефонски се договориле да му резервира три повратни авионски билети за три лица од Аргентина за што преку брз трансфер на пари му исплатил 2.450 евра. Како што е пријавено, лицето му ги обезбедило билети и не сакало да му ги врати паритe за резервација, а дополнително му барало уште 4.000 евра. Се пренесал мерки за расчистување на случајот.

На 02.08.2023 од 12.00 до 16.00 часот, при извршени сообраќајни контроли во Струга, полициските службеници затекнале и санкционирале 13 возачи кои во и надвор од населено место управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (надвор-08, во населено место-05).

На 02.08.2023, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Ф.(38) и С.Н. (31), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека во плач на бул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје учествувале во физичка пресметка помеѓу две семејства - соседи, во која било употребено огнено оружје и остри предмети, при што со повреди од огнено оружје се здобиле М.И.(51) и еден малолетник, додека со повреди од остар предмет се здобиле Ш.И. (22) и С.И.(27). Повредените биле пренесени во Градската општа болница „8 Септември" каде што им била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.08.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје, Д.С.(32) од Скопје пријавила дека околу 21.30 часот на подрачјето на Аеродром била физички нападната од Б.Ј.(33) од Крива Паланка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.08.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, С.В.(37) пријавила дека околу 14.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, била физички нападната од Х.О.(59), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Н.Д.(35) и Д.С.(33), двајцата од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". При прегледа на патничко возило во кое се пренесувале, во месноста „Сатеска" на регионалниот пат Струга-Охрид, полициските службеници пронашле и одзеле кокаин.

На 02.08.2023 во 22.30 часот во СВР Скопје, О.Т.(47) од Скопје пријавила дека околу 20.15 часот на подрачјето на Аеродром, по претходна расправија, била физички нападната од Э.Т.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.08.2023 во 22.20 часот во СВР Скопје, 23 - годишна девојка пријавила дека околу 21.40 часот била физички нападната од непознато поранешно момче А.А.(37) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.08.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во паркот на ул.„8" во С.Иниково, скопско, со спреј бил оштетен спомеников на загинатиот бранител Горан Стојменовиќ. Увид на местото извршила екипа од ЕВР Гази Баба, за настанот бил известен јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.